### УЧЕСТВО НА МАКЕДОНИЈА НА УМЕТНИЧКОТО БИЕНАЛЕ ВО ИСТАНБУЛ ШТО ПОЧНУВА ДЕНЕС

# „СОСЕДИ“ ВО ОФИЦИЈАЛНАТА, „АПОКАЛИПСАТА“ ВО ПРИДРУЖНАТА ПРОГРАМА

***• ПРОЕКТОТ НА ОЛИВЕР МУСОВИЌ „СОСЕДИ“ ЌЕ БИДЕ ПРЕЗЕНТИРАН ВО ГЛАВНИОТ ПРОСТОР НА БИЕНАЛЕТО***

Младиот уметник Оливер Мусовиќ е официјален учесник од Македонија на шестото Уметничко биенале, што во Истанбул се одржува од денес до 8 ноември. Биеналето во Истанбул е едно од попрестижните во Европа, со учество на стотина уметници од педесет земји во светот и годинава ќе работи на тема: „Страст и бран“. Неговиот проект „Соседи“ што го избра главниот селектор и куратор на Биеналето, Паоло Коломбо, директор на Музејот на современа уметност во Женева, Швајцарија, ќе биде презентиран во главниот простор на официјалната програма на Биеналето, Културниот центар „Долмабахче“. Македонија на претстојното Биенале ќе учествува и со уште еден проект, во придружната програма. Изложбата „Секогаш веќе апокалипса“, потпишана од седум уметници од Македонија, Бугарија, Турција, Хрватска и СР Југославија веќе видена летово и од скопската публика, е најавена за 18 септември во информативната брошура на Биеналето. Четвртото македонско учество е во комплетна продукција на Музејот на град Скопје, финансиски поддржана од Министерството за култура, кое за проектот „Соседи“ на Мусовиќ издвои 220.000 денари.



***ФОТОГРАФИЈА ОД ИЗБРАНИОТ ПРОЕКТ „СОСЕДИ“ НА ОЛИВЕР МУСОВИЌ***

Оливер Мусовиќ (1971), од преклани дипломец на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во моментов е на постдипломски студии во Босвил, Швајцарија, како стипендист на фондацијата „Про Хелвеција“. Автор е на четири самостојни изложби, а изложувал и на многу групни изложби во земјата и странство. Неговиот проект „Соседи“ што ќе учествува во Истанбул е составен од 20 дигитално обработени фотографии со димензии 44x30 см. и една фотографија со димензии 70x100 см. на кои се наоѓаат мотиви и текстови поврзани со животите на луѓето од секојдневното милје на уметникот.

– Истанбулското уметничко биенале е единствено во овој регион и како такво треба да го задржиме континуитетот на наше учество на оваа манифестација. Од предложени три портфолија на автори од Македонија, од моја страна, селекторот Коломбо се одлучи за проектот на Мусовиќ како најсоодветен на неговата концепција која е поврзана со интимниот живот и личните доживувања на уметниците. Всушност, сликите на Мусовиќ, црпени од секојдневието, како такви, може да бидат прифатени секаде во светот, вели координаторот на македонското учество во Истанбул, Сузана Милевска, кустос при Музејот на град Скопје.

За вториот проект од Македонија, што ќе биде претставен во офф програмата на Биеналето, изложбата „Секогаш веќе апокалипса“, Милевска рече дека случајно се отвора точно еден месец по катастрофалниот земјотрес што го погоди Истанбул. По тој повод, а како донација за Музејот на современа уметност што во 2.000 година ќе се отвори во Истанбул, македонските уметници ќе подарат свои дела.

Л. С.